# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ЦЕНТАР - СКОПЈЕ



| | | |
|---|---|---|
| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ<br>Излегува по потреба<br>Рок на рекламации 15 дена | 1.9.2026 година<br>Скопје<br>Број 10 год. XXI | Претплатата за 2026 год. износува 1.500,00 денари.<br>Овој број чини 150,00 денари. |




www.centar.gov.mk gradonacalnik@centar.gov.mk


септември, 2026 година

# С О Д Р Ж И Н А

Стр.

- Решение за именување член во Управниот одбор на Јавната установа за деца-детска градинка на Општина Центар „13 Ноември"-Скопје, предложен од Советот на родители, со Решение за објавување ........................................................ 1 - 2

- Одлука за дополнување на Одлуката за формирање на локален управен комитет за изработка на трет Локален еколошки акционен план за животна средина на Општина Центар-Скопје (ЛЕАП 3) за период 2026-2032 година, со Решение за објавување .......................................................................... 3 - 4

- Одлука за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација за поделба на градежна парцела 17.4, согласно ДУП „Буњаковец 1" У.М 1; У.М 6; У.М 7; У.М 12; У.М 13; У.М 14; У.М 16; У.М 17, У.М 20, У.М 22 и У.М 23 (Одлука бр. 07-466/1 од 18.02.2005), Општина Центар-Скопје, со Решение за објавување .......................................................... 5 - 8

- Одлука за донесување на План за парцелација од Урбанистички проект со план за парцелација на ГП 7.1 од Детален урбанистички план Дебар Маало 2, Општина Центар-Скопје, со Решение за објавување .......................................................................... 9 - 12

- Одлука за донесување Техничка исправка за улица „Славејко Арсов 4"-4 во Детален урбанистички план за Градска четврт Ј 06-дел од локалитет Тасино чешмиче 1 и Тасино чешмиче 2, плански период 2016-2021, Општина Центар-Скопје (одлука бр.08-5980/6 од 10.12.2019 год.), со Решение за објавување .......................................................................... 13 - 15

- Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на условите, начинот и постапката на давање на користење на недвижен имот на основните училишта и јавните установи основани и во сопственост на Општина Центар-Скопје, со Решение за објавување ......................................................... 16 - 17

- Одлука за прифаќање на Иницијативата за инспекциски надзори на сите активни градилишта на територија и јавно објавување на извештаите, со Решение за објавување .................................. 18 - 20

- Јавни објави .......................................................................... 21 - 23

---

ИЗДАВАЧ: ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ, ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК
ГОРАН МИЦЕВСКИ УЛ. „МИХАИЛ ЦОКОВ" БР. 1.-СКОПЈЕ,
ТЕЛ. 3 203-667 и 3 203-613 орган на Општина Центар-Скопје, Тираж 70 примероци

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Решението за именување член во Управниот одбор наЈавната установа за деца-детска градинка на Општина Центар „13 Ноември“-Скопје, предложен од Советот на родители**

Се објавува Решението за именување член во Управниот одбор наЈавната установа за деца-детска градинка на Општина Центар „13 Ноември“-Скопје, предложен од Советот на родители,

што Советот на Општина Центар-Скопје го донесе на 11. седница, одржана на 31.8.2026 година.

Бр. 09-4741/3
31.8.2026 година
С к о п ј е
с.р.

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
д-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 114 точка 10 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 17/25 и 132/25) и член 26 став 1 точка 12 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 01/06; 12/15; 9/19, 14/19; 1/21 и 11/21), Советот на Општина Центар-Скопје на 11. седница, одржана на 31.8.2026 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување член во Управниот одбор на Јавната установа за деца-детска градинка на Општина Центар „13 Ноември“-Скопје, предложен од Советот на родители**

1. За член во Управниот одбор на Јавната установа за деца-детска градинка на Општина Центар „13 Ноември“-Скопје, на местото на Александар Цветановски се именува:

   - Надица Караколева

2. Членовите на Управниот одбор се именува за период од четири години.

3. Ова Решение да се достави до Градоначалникот и до Јавната установа за деца - Детска градинка на Општина Центар „13 Ноември“-Скопје.

4. Ова Решение влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-4741/2
31.8.2026 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за дополнување на Одлуката за формирање на локален управен комитет за изработка на трет Локален еколошки акционен план за животна средина на Општина Центар-Скопје (ЛЕАП 3) за период 2026-2032 година**

Се објавува Одлуката за дополнување на Одлуката за формирање на локален управен комитет за изработка на трет Локален еколошки акционен план за животна средина на Општина Центар-Скопје (ЛЕАП 3) за период 2026-2032 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 11. седница, одржана на 31.8.2026 година.

Бр. 09-4741/5
31.8.2026 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
д-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24), а во врска со член 60 став (2) и член 61 став (5) од Законот за животната средина ("Службен весник на РМ" бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 28/18, 39/18, 99/18 и "Службен весник на РСМ" бр.89/22, 171/22, 3/25 и 191/25) Советот на Општина Центар-Скопје на 11. седница, одржана на 31.8.2026 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за дополнување на Одлуката за формирање на локален управен комитет за изработка на трет Локален еколошки акционен план за животна средина на Општина Центар-Скопје (ЛЕАП 3) за период 2026-2032 година**

**Член 1**

Во Одлуката за дополнување на Одлуката за формирање на локален управен комитет за изработка на трет Локален еколошки акционен план за животна средина на Општина Центар-Скопје (ЛЕАП 3) за период 2026-2032 година („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" 9/2026), членот 1 се дополнува со следново:

- „39. Ненад Ефремов-претставник од Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје"

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-4741/4
31.8.2026 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација за поделба на градежна парцела 17.4, согласно ДУП „Буњаковец 1“ У.М 1; У.М 6; У.М 7; У.М 12; У.М 13; У.М 14; У.М 16; У.М 17, У.М 20, У.М 22 и У.М 23 (Одлука бр. 07-466/1 од 18.02.2005), Општина Центар-Скопје**

Се објавува Одлуката за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација за поделба на градежна парцела 17.4, согласно ДУП „Буњаковец 1 “У.М 1; У.М 6; У.М 7; У.М 12; У.М 13; У.М 14; У.М 16; У.М 17, У.М 20, У.М 22 и У.М 23 (Одлука бр. 07-466/1 од 18.02.2005), Општина Центар-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 11. седница, одржана на 31.8.2026 година.

Бр. 09-4741/7
31.8.2026 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
д-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 15 став 1 точка 1 алинеја 3 и член 26 од Статутот на Општината Центар – Скопје („Службен гласник на Општина Центар – Скопје“ бр.1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21) и член 63 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ бр.32/20; 111/23; 171/24; 224/24; 40/25; 101/25; 127/25 и 134/26), Советот на Општина Центар-Скопје, на 11. седница одржана на 31.8.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација за поделба на градежна парцела 17.4, согласно ДУП „Буњаковец 1“ У.М 1; У.М 6; У.М 7; У.М 12; У.М 13; У.М 14; У.М 16; У.М 17, У.М 20, У.М 22 и У.М 23 (Одлука бр. 07-466/1 од 18.02.2005), Општина Центар-Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука се донесува Урбанистичкиот проект со план за парцелација за поделба на градежна парцела 17.4, согласно ДУП „Буњаковец 1“ У.М 1; У.М 6; У.М 7; У.М 12; У.М 13; У.М 14; У.М 16; У.М 17, У.М 20, У.М 22 и У.М 23 (Одлука бр. 07-466/1 од 18.02.2005), Општина Центар-Скопје, изработен од Друштво за производство, трговија и услуги ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ ДОО Битола со технички број 0801-20-07/25 од 08/2026 година, согласно Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ бр. 32/20; 111/23; 171/24; 224/24; 40/25; 101/25; 127/25 и 134/26) и Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ бр.225/20; 219/21; 104/22; 99/23; 7/25; 143/25; 241/25; 30/26 и 87/26).

Урбанистичкиот проект со план за парцелација за поделба на градежна парцела 17.4, согласно ДУП „Буњаковец 1“ У.М 1; У.М 6; У.М 7; У.М 12; У.М 13; У.М 14; У.М 16; У.М 17, У.М 20, У.М 22 и У.М 23 (Одлука бр. 07-466/1 од 18.02.2005), Општина Центар-Скопје претставува разработка на Деталниот урбанистички план Буњаковец 1 У.М 1; У.М 6; У.М 7; У.М 12; У.М 13; У.М 14; У.М 16; У.М 17, У.М 20 и У.М 22 и У.М 23, Општина Центар-Скопје, донесен од Советот на Општина Центар-Скопје со Одлука бр.07-466/1 од 18.2.2005 година.

## Член 2

Проектниот опфат се движи по границите на формирана градежна парцела 17.4 со намена ЗОД-Заеднички станбени објекти и деловен простор, согласно ДУП "Буњаковец 1", У.М1, У.М6, У.М7, У.М12, У.М13, У.М14, У.М16, У.М17, У.М20, У.М22, и У.М23 (Одлука бр. 07-466/1 од 18.02.2005), Општина Центар-Скопје.
Проектниот опфат зафаќа делови од КП11603, КП11604, КП11605, КП11606, КП13817/11, КО Центар 1.
Површината на проектниот опфат изнесува 636 м2.

## Член 3

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот со Решение 09-73/2 од 3.4.2026 година за со Позитивно мислење број 09-1090/8 од 10.8.2026 година ја одобри проектната програма за изработка на Урбанистичкиот проект со план за парцелација за поделба на градежна парцела 17.4, согласно ДУП „Буњаковец 1“ У.М 1; У.М 6; У.М 7; У.М 12; У.М 13; У.М 14; У.М 16; У.М 17, У.М 20, У.М 22 и У.М 23 (Одлука бр. 07-466/1 од 18.02.2005), Општина Центар-Скопје, по претходно писмено информирање до непосредните соседи и останати сопственици што не се баратели во постапката со Известување број 09-1090/1 од 11.2.2026 година. По Известувањето до Општината беше доставен 1 приговор, на кој Комисијата достави Одговор на приговор со бр.09-1090/5 од 6.8.2026 година.
Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот со Решение 09-73/2 од 3.4.2026 година за ревидираниот Урбанистички проект со план за парцелација за поделба на градежна парцела 17.4, согласно ДУП „Буњаковец 1“ У.М 1; У.М 6; У.М 7; У.М 12; У.М 13; У.М 14; У.М 16; У.М 17, У.М 20, У.М 22 и У.М 23 (Одлука бр. 07-466/1 од 18.02.2005), Општина Центар-Скопје, издаде Позитивно мислење со бр.09-1090/9 од 17.8.2026 година, со Предлог за негово одобрување број 09-1090/10 од 17.8.2026 година.

## Член 4

Урбанистичкиот проект со план за парцелација за поделба на градежна парцела 17.4, согласно ДУП „Буњаковец 1“ У.М 1; У.М 6; У.М 7; У.М 12; У.М 13; У.М 14; У.М 16; У.М 17, У.М 20, У.М 22 и У.М 23 (Одлука бр. 07-466/1 од 18.02.2005), Општина Центар-Скопје, ќе се одобри од страна на Градоначалникот веднаш по неговото донесување.

**Член 5**

Потврдениот Урбанистички проект задолжително се објавува во информацискиот систем е-урбанизам, во „Службениот гласник на Општина Центар-Скопје“ и на веб - страницата на Општината.

**Член 6**

Потврдениот Урбанистички проект станува составен дел на електронскиот регистар на донесени урбанистички планови во рамки на информацискиот систем е-урбанизам, кон кој овластен пристап имаат донесувачот, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот, Агенцијата за планирање на просторот и Агенцијата за катастар на недвижности и другите учесници на постапката за изработување и донесување на урбанистички планови.

**Член 7**

Урбанистичкиот проект со план за парцелација за поделба на градежна парцела 17.4, согласно ДУП „Буњаковец 1“ У.М 1; У.М 6; У.М 7; У.М 12; У.М 13; У.М 14; У.М 16; У.М 17, У.М 20, У.М 22 и У.М 23 (Одлука бр. 07-466/1 од 18.02.2005), Општина Центар-Скопје може да се спроведува по извршено дигитално преклопување. Агенцијата за катастар на недвижности е должна во рок од 15 работни дена од приемот на известувањето за потврдениот урбанистички проект, да го изврши дигиталното преклопување.

**Член 8**

Урбанистичкиот проект со план за парцелација за поделба на градежна парцела 17.4, согласно ДУП „Буњаковец 1“ У.М 1; У.М 6; У.М 7; У.М 12; У.М 13; У.М 14; У.М 16; У.М 17, У.М 20, У.М 22 и У.М 23 (Одлука бр. 07-466/1 од 18.02.2005), Општина Центар-Скопје ќе се применува по исполнување на одредбите од членовите 4, 5, 6 и 7 од оваа Одлука.

**Член 9**

Составен дел на оваа Одлука е Урбанистичкиот проект со план за парцелација за поделба на градежна парцела 17.4, согласно ДУП „Буњаковец 1“ У.М 1; У.М 6; У.М 7; У.М 12; У.М 13; У.М 14; У.М 16; У.М 17, У.М 20, У.М 22 и У.М 23 (Одлука бр. 07-466/1 од 18.02.2005), Општина Центар-Скопје.

**Член 10**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар–Скопје”.

Бр. 08-4741/6
31.8.2026 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за донесување на План за парцелација од Урбанистички проект со план за парцелација на ГП 7.1 од Детален урбанистички план Дебар Маало 2, Општина Центар-Скопје**

Се објавува Одлуката за донесување на План за парцелација од Урбанистички проект со план за парцелација на ГП 7.1 од Детален урбанистички план Дебар Маало 2, Општина Центар-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 11. седница, одржана на 31.8.2026 година.

Бр. 09-4741/9
31.8.2026 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
д-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 15 став 1 точка 1 алинеја 3 и член 26 од Статутот на Општината Центар – Скопје („Службен гласник на Општина Центар – Скопје“ бр.1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21) и член 63 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ бр.32/20; 111/23; 171/24; 224/24; 40/25; 101/25 и 127/25), Советот на Општина Центар-Скопје, на 11. седница одржана на 31.8.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за донесување на План за парцелација од Урбанистички проект со план за парцелација на ГП 7.1 од Детален урбанистички план Дебар Маало 2, Општина Центар-Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука се донесува План за парцелација од Урбанистички проект со план за парцелација на ГП 7.1 од Детален урбанистички план Дебар Маало 2, Општина Центар-Скопје, изработен од Друштво за градежништво, трговија и инженеринг увоз-извоз ДОМИНГ ЈТД Јован Костадинов Радовиш со технички број 073/2022-У од април 2026 година, согласно Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ бр. 32/20; 111/23; 171/24; 224/24; 40/25; 101/25 и 127/25) и Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ бр.225/20; 219/21; 104/22; 99/23; 7/25; 143/25; 241/25 и 30/26).

Урбанистичкиот проект со план за парцелација на ГП 7.1 од Детален урбанистички план Дебар Маало 2, Општина Центар - Скопје претставува разработка на Измена и дополна на Детален урбанистички план Градска четврт „Дебар Маало 2“, Општина Центар – Скопје, донесен од Советот на Општина Центар - Скопје со Одлука бр.07-3727/2 од 28.12.2009 година.

План за парцелација е графички прилог и составен дел на урбанистичкиот план во кој се врши секундарната поделба на градежното земјиште односно во кој се формираат градежните парцели, додека во урбанистичкиот проект планот за парцелација е планско-проектен документ за препарцелација на формирани парцели.

## Член 2

Проектниот опфат кој е предмет на уредување со овој Урбанистички проект ја зафаќа градежната парцела ГП 7.1 од важечкиот урбанистички план: Детален урбанистички план Дебар Маало 2, Општина Центар-Скопје, Одлука бр. 07-3727/2 од 28.12.2009 година, односно опфаќа дел од КП 9771 КО Центар 1, како и делови од КП 9767/1 и КП 13803/1, КО Центар 1, а согласно Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени-Ажурирање на геодетски подлоги, дефинираниот проектен опфат зафаќа површина од 360,0м² (0,036ха).

## Член 3

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот со Решение 09-73/2 од 3.4.2026 година за Урбанистичкиот проект со план за парцелација на ГП 7.1 од Детален урбанистички план Дебар Маало 2, Општина Центар-Скопје, издаде Позитивно мислење со бр.09-1153/6 од 17.6.2026 година (со прилог Известување за разгледан идеен проект бр.26-1153/5 од 21.5.2026 година), со кое што потврдува дека урбанистичкиот проект е изработен во согласност со Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ бр. 32/20; 111/23; 171/24; 224/24; 40/25; 101/25 и 127/25) и Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ бр.225/20; 219/21; 104/22; 99/23; 7/25; 143/25; 241/25 и 30/26).

## Член 4

Урбанистичкиот проект со план за парцелација на ГП 7.1 од Детален урбанистички план Дебар Маало 2, Општина Центар-Скопје, ќе се одобри од страна на Градоначалникот веднаш по донесувањето на Планот за парцелација.

## Член 5

Потврдениот Урбанистички проект задолжително се објавува во информацискиот систем е-урбанизам, во „Службениот гласник на Општина Центар-Скопје“ и на веб - страницата на Општината.

## Член 6

Потврдениот Урбанистички проект станува составен дел на електронскиот регистар на донесени урбанистички планови во рамки на информацискиот систем е-урбанизам, кон кој овластен пристап имаат донесувачот, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот, Агенцијата за планирање на просторот и Агенцијата за катастар на недвижности и другите учесници на постапката за изработување и донесување на урбанистички планови.

## Член 7

Урбанистичкиот проект со план за парцелација на ГП 7.1 од Детален урбанистички план Дебар Маало 2, Општина Центар - Скопје, може да се спроведува по извршено дигитално преклопување. Агенцијата за катастар на недвижности е должна во рок од 15 работни дена од приемот на известувањето за потврдениот урбанистички проект, да го изврши дигиталното преклопување.

## Член 8

Урбанистичкиот проект со план за парцелација на ГП 7.1 од Детален урбанистички план Дебар Маало 2, Општина Центар-Скопје, ќе се применува по исполнување на одредбите од членовите 4, 5, 6 и 7 од оваа Одлука.

## Член 9

Составен дел на оваа Одлука е Планот за парцелација од Урбанистички проект со план за парцелација на ГП 7.1 од Детален урбанистички план Дебар Маало 2, Општина Центар-Скопје.

## Член 10

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар–Скопје”.

Бр. 08-4741/8
31.8.2026 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за донесување Техничка исправка за улица „Славејко Арсов 4“-4 во Детален урбанистички план за Градска четврт Ј 06-дел од локалитет Тасино чешмиче 1 и Тасино чешмиче 2, плански период 2016-2021, Општина Центар-Скопје (одлука бр.08-5980/6 од 10.12.2019 год.)**

Се објавува Одлуката за донесување Техничка исправка за улица „Славејко Арсов 4“-4 во Детален урбанистички план за Градска четврт Ј 06-дел од локалитет Тасино чешмиче 1 и Тасино чешмиче 2, плански период 2016-2021, Општина Центар-Скопје (одлука бр.08-5980/6 од 10.12.2019 год.),

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 11. седница, одржана на 31.8.2026 година.

Бр. 09-4741/11
31.8.2026 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
д-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 36 Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02 и „Службен весник на РСМ“ бр. 202/24), а во врска со член 36 став 6 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ бр. 32/20; 111/23; 171/24; 224/24; 40/25; 101/25 и 127/25), Советот на Општина Центар-Скопје на 11. седница, одржана на 31.8.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за донесување Техничка исправка за улица „Славејко Арсов 4“-4 во Детален урбанистички план за Градска четврт Ј 06-дел од локалитет Тасино чешмиче 1 и Тасино чешмиче 2, плански период 2016-2021, Општина Центар-Скопје (одлука бр.08-5980/6 од 10.12.2019 год.)**

**Член 1**

Со оваа Одлука се донесува Техничка исправка за улица „Славејко Арсов 4“-4 во Детален урбанистички план за Градска четврт Ј 06-дел од локалитет Тасино чешмиче 1 и Тасино чешмиче 2, плански период 2016-2021, Општина Центар-Скопје (одлука бр.08-5980/6 од 10.12.2019 год.), во согласност со Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ бр. 32/20; 111/23; 171/24; 224/24; 40/25; 101/25 и 127/25). Техничката исправка е изработена од Друштво за планирање, проектирање и инженеринг ТАЈФА-ПЛАН ДОО Скопје, со технички број 143/11/25 од март 2026 година.

**Член 2**

Техничката исправка се врши за улица „Славејко Арсов 4“-4 во Детален урбанистички план Градска четврт Ј 06 – дел од локалитет Тасино чешмиче 1 и Тасино чешмиче 2, донесен од Советот на Општина Центар-Скопје со Одлука број 08-5980/6 од 10.12.2019 година.
За Техничката исправка за улица „Славејко Арсов 4“-4 во Детален урбанистички план за Градска четврт Ј 06 – дел од локалитет Тасино чешмиче 1 и Тасино чешмиче 2, плански период 2016-2021, Општина Центар-Скопје (одлука бр.08-5980/6 од 10.12.2019 год.), издадено е Позитивно мислење бр. 09-2084/2 од 17.3.2026 година од Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на Општина Центар - Скопје со Решение бр. 09-73/1 од 8.1.2026 година и претставува составен дел на оваа Одлука.

## Член 3

Со донесувањето на оваа Одлука Техничката исправката ќе стане составен дел на Детален урбанистички план Градска четврт Ј 06-дел од локалитет Тасино чешмиче 1 и Тасино чешмиче 2, донесен од Советот на Општина Центар – Скопје со Одлука број 08-5980/6 од 10.12.2019 година и ќе може да се применува во форма на пречистена верзија на планот односно како основниот план во кој е вградена техничката исправка, за којшто важат истите одредби за предавање, објавување, презентирање, преклопување, применување и чување на урбанистички планови.

## Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-4741/10
31.8.2026 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на условите, начинот и постапката на давање на користење на недвижен имот на основните училишта и јавните установи основани и во сопственост на Општина Центар-Скопје**

Се објавува Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на условите, начинот и постапката на давање на користење на недвижен имот на основните училишта и јавните установи основани и во сопственост на Општина Центар-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 11. седница, одржана на 31.8.2026 година.

Бр. 09-4741/13
31.8.2026 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
д-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на членовите 36 и 64 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен весник на Република Македонија" бр. 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24), како и член 26 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр.01/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Советот на Општина Центар-Скопје 11. седница, одржана на ден 31.8.2026 година, донесе

# О Д Л У К А

## за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на условите, начинот и постапката на давање на користење на недвижен имот на основните училишта и јавните установи основани и во сопственост на Општина Центар-Скопје

### Член 1

(1) Во Одлуката за Одлуката за утврдување на условите, начинот и постапката на давање на користење на недвижен имот на основните училишта и јавните установи основани и во сопственост на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар – Скопје" број 8/26), се врши следната измена:

Во член 9 став 2 се менува и гласи:

„(2) Просторот се дава под закуп на усно јавно наддавање или електронско јавно наддавање доколку постојат услови за електронско наддавање."

### Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-4741/12
31.8.2026 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за прифаќање на Иницијативата за инспекциски надзори на сите активни градилишта на територија и јавно објавување на извештаите**

Се објавува Заклучокот за прифаќање на Иницијативата за инспекциски надзори на сите активни градилишта на територија и јавно објавување на извештаите,

што Советот на Општина Центар-Скопје го донесе на 11. седница, одржана на 31.8.2026 година.

Бр. 09-4741/15
31.8.2026 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
д-р Горан Герасимовски с.р.

Советот на Општина Центар-Скопје на 11. седница, одржана на 31.8.2026 година, расправаше по Иницијативата за инспекциски надзори на сите активни градилишта на територија и јавно објавување на извештаите и донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за прифаќање на Иницијативата за инспекциски надзори на сите активни градилишта на територија и јавно објавување на извештаите**

1. Советот на Општин Центар-Скопје го задолжува Градоначалникот и надлежните општински инспекциски служби во рок од 60 дена од денот на донесување на овој заклучок, да спроведат инспекциски надзори на сите активни градилишта на територијата на Општина Центат-Скопје, согласно законските надлежности, со цел утврдување на усогласеноста со законските прописи и мерките за заштита на безбедноста на граѓаните и јавниот простор.

2. По секој спроведен инспекциски надзор, надлежниот инспектор да изготви писмен извештај кој ќе содржи опис на утврдената фактичка состојба, констатираните неправилности, преземените односно изречените мерки, препораките и роковите определени за остварување на неправилностите. Сите извештаи од спроведените надзори да бидат комплетирани најдоцна во рок од 75 дена од денот на донесувањето на овој Заклучок.

3. Градоначалникот да обезбеди објавување на збирен извештај за резултатите од спроведените инспекциски надзори на официјалната веб страна на Општина Центар-Скопје, најдоцна во рок од 90 дена од денот на донесувањето на овој Заклучок, со почитување на прописите за заштита на личните податоци и другите законски ограничувања за објавување податоци.

4. Советот на Општин Центар-Скопје го задолжува Градоначалникот и надлежните општински служби во рок од 90 дена од денот на донесување на овој заклучок, да воспостават систем на континуирано следење и инспекциска контрола на активните градилишта на територијата на Општина Центар-Скопје, преку редовни инспекциски надзори и следење на постапувањето по изречените мерки.

За спроведените контроли, утврдените состојби, превземените мерки и степенот на отстранување на неправилностите, Градоначалникот да доставува полугодишен извештај до Советот на Општина Центар-Скопје, со цел заштита на безбедноста на граѓаните и јавниот интерес.

5. Заклучокот да се достави до Градоначалникот.

6. Овој Заклучок влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-4741/14
31.8.2026 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

**ОПШТИНА ЦЕНТАР**
Скопје

Архивски бр.: 26-2975/5
Датум: 04.06.2026

## ИСПРАВКА НА ТЕХНИЧКА ГРЕШКА

**во**

**ПОТВРДА ЗА ЗАВЕРКА**
**на**
**Урбанистички проект со план на парцелација за ГП 6.15, ГП 6.17 и ГП 6.19 од Изменување и дополнување на Детален урбанистички план Буњаковец 2, Општина Центар - Скопје**

Во документот *Потврда за заверка на Урбанистички проект со план на парцелација за ГП 6.15, ГП 6.17 и ГП 6.19 од Изменување и дополнување на Детален урбанистички план Буњаковец 2, Општина Центар - Скопје издаден со број 09-2975/2 од 22.5.2026 година*, **во точка 1, каде што е цитиран техничкиот број и месецот на изработка на проектот, наместо** „мај 2025 година“ **треба да стои** „јуни 2025 година“.

Оваа *Исправка на техничка грешка* е составен дел на *Потврда за заверка* издадена со број 09-2975/2 од 22.5.2026 година.

**Раководител на Сектор за урбанизам**
**Танкица Христова Спасовска, диа**

Стр. **1** од **1**

ул. Михаил Цоков бр.1, 1000 Скопје
тел: +389 2 3203 600 / +389 2 3203 602
електронска пошта: info@centar.gov.mk
www.centar.gov.mk

**ОПШТИНА ЦЕНТАР**
Скопје

Архивски бр.: 26-2980/5
Датум: 10.06.2026

**И С П Р А В К А Н А Т Е Х Н И Ч К А Г Р Е Ш К А**

**во**

**ПОТВРДА ЗА ЗАВЕРКА**
**на**
**Урбанистички проект со план на парцелација за ГП 6.47, ГП 6.52, ГП 6.54, ГП 6.56 и ГП 6.59 од Изменување и дополнување на Детален урбанистички план Буњаковец 2, Општина Центар – Скопје**

Во документот *Потврда за заверка на Урбанистички проект со план на парцелација за ГП 6.47, ГП 6.52, ГП 6.54, ГП 6.56 и ГП 6.59 од Изменување и дополнување на Детален урбанистички план Буњаковец 2, Општина Центар – Скопје издаден со број 09-2980/2 од 22.5.2026 година*, **во точка 1, каде што е цитиран техничкиот број и месецот на изработка на проектот, наместо** „73/2022 од февруари 2025 година" **треба да стои** „21/2024 од април 2025 година".

Оваа *Исправка на техничка грешка* е составен дел на *Потврда за заверка* издадена со број 09-2980/2 од 22.5.2026 година.

**Раководител на Сектор за урбанизам**
**Танкица Христова Спасовска, диа**

Стр. **1** од **1**

ул. Михаил Цоков бр.1, 1000 Скопје
тел: +389 2 3203 600 / +389 2 3203 602
електронска пошта: info@centar.gov.mk
www.centar.gov.mk

**ОПШТИНА ЦЕНТАР**
Скопје

Архивски бр.: 26-2985/6
Датум: 12.06.2026

## ИСПРАВКА НА ТЕХНИЧКА ГРЕШКА

**во**

**ПОТВРДА ЗА ЗАВЕРКА**
**на**
**Урбанистичкиот проект со план на парцелација за ГП 6.05 од Изменување и дополнување на Детален урбанистички план Буњаковец 2, Општина Центар – Скопје**

Во документот *Потврда за заверка на Урбанистичкиот проект со план на парцелација за ГП 6.05 од Изменување и дополнување на Детален урбанистички план Буњаковец 2, Општина Центар – Скопје издаден со број 09-2985/2 од 22.5.2026 година*, **во точка 1, каде што е цитиран техничкиот број и месецот на изработка на проектот, наместо** „март 2025 година" **треба да стои** „мај 2025 година".

Оваа *Исправка на техничка грешка* е составен дел на *Потврда за заверка* издадена со број 09-2985/2 од 22.5.2026 година.

**Раководител на Сектор за урбанизам**
**Танкица Христова Спасовска, диа**



ул. Михаил Цоков бр.1, 1000 Скопје
тел: +389 2 3203 600 / +389 2 3203 602
електронска пошта: info@centar.gov.mk
www.centar.gov.mk